С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 16 година XLIV

07 ноември 2008

259.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први,втори и трети квартал 2008 година

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.11.2008 година.

Број 08-5510/1
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06), а согласно член 32, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(„Сл весник на РМ“ бр. 61/04 и 67/07).

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2008 година

1. Советот на Општина Велес не го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2008 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5433/1
05.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

260.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за доделување 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Одлуката за доделување 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05.11.2008 година.

Број 08-5510/2
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06), а согласно член 8 од Одлуката за востановување и доделување на 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 7/97,7/01 и 5/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.11.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на 9-то ноемвриски признанија на Општина Велес за 2008 година

Член 1

По повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес, а за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзин севкупен напредок и афирмација во повеќе области, се донесува Одлука за доделување на 9-то ноемвриски признанија за 2008 година.

Признанијата ќе бидат врачени на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември, Денот на Општина Велес.

Член 2

Спомен плакета на Општина Велес се доделува на:

- Ангел Мишков - пирограф
- Благој Ламњов – кларинист од Велес
- Д-р Фехим Хусковиќ – сликар
- Агроиндустриска групација АГРИЈА

Благодарница се доделува на:

-Исмаил Дурмишовски- граѓанин

-Зоран Ѓуровски – член на Советот на Општина Велес

-Академик Томе Серафимовски – скулптор

-Фондација „Рамковски“

-Фондација “The International Music and Art Foundation”

Пофалница се доделува на:

-Фолк група „Соната“

-Игор Крајчев - писател

-Виктор Толески, Трајче Михов и Срѓан Милошевски - атлетичари

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5433/2
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с,р,

261.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2008 година

Се објавува Одлуката за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2008 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05.11.2008 година.

Број 08-5510/3
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06), а согласно член 5 од Одлуката за востановување награда за животно дело „Гемиџии“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.4/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.11.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2008 година

Член 1

Со оваа Одлука се доделува награда за животно дело „Гемиџии“ за 2008 година, за постигнати резултати во развојот и афирмацијата на Велес во државата и надвор од неа.

Наградата ќе биде врачена на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември, Денот на Општина Велес.

Член 2

Наградата за животно дело „Гемиџии“ за 2008 година се доделува на:

-Академик Илија Васков
-Кирил Попов - актер

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5433/3
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

262.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за доделување награда за Најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2008 година

Се објавува Одлуката за доделување награда за најстудент „Проф.Д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2008 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05.11.2008 година.

Број 08-5510/4
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06), а согласно член 6 од Одлуката за востановување награда на Општина Велес за Најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов “(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.11.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување награда за најстудент „ Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов “ за 2008 година

Член 1

Со оваа Одлука се доделува награда Најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2008 година, за најдобар успех постигнат во претходните академски години.

Наградата ќе биде врачена на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември, Денот на Општина Велес.

Член 2

Наградата за најстудент „Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2008 година се доделува на:

-Боби Костоски – студент на машински факултет

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5433/4
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

263.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 04.11.2008 година.

Број 08-5510/5
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 10 од Законот за јавна чистота ("Сл. весник на РМ" бр. 111/08), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 04.11.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се регулира одржувањето на јавната чистота на јавните површини, начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистењето на снег и мраз, отстранување на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота, како и мерки за спроведување на одлуката.

Член 2

Одржување на јавната чистота е чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простори на јавни објекти, како и чистење на снег во зимски услови.

Собирање на смет е отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и сместување во садови за смет.

Член 3

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини и отворени простори на јавните објекти се врши на: улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови и пракиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, улични тревници, видиковци, автобуски и такси постројки, јавни телефонски говорници, градски гробишта, пазари, спортско-рекреативни објекти (спортски и детски игралишта), јавни санитарни објекти, јавни капалишта и отворени простори на национални и други јавни објекти.

II. УСЛОВИ И НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

Член 4

Одржувањето на јавната чистота, како и рачното чистење на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини, освен на локалните патишта и улици и отворените површини на јавните објекти ги врши ЈКП "Дервен".

Машинското чистење на снегот и мразот во зимски услови на локалните патишта и улици со распишување на тендер ќе се отстапи на правно лице регистрирано за зимско одржување на патишта и улици.

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавни објекти (училишта и градинки, локални установи, индивидуални и колективни станбени згради) се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини, редовно да го отстрануваат сметот од истите, како и редовно да го чистат снегот и мразот во зимски услови.

Член 5

За вршење на работите за одржување на јавната чистота од член 4 став 1, Општина Велес донесува Годишна програма која ќе ги содржи видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начинот на вршење на работите.

Член 6

Локациите за поставување на садовите за отпад на територијата на општината ќе ги утврди Одделението за комунална инфраструктура на Општина Велес, по добиена согласност од страна на Одделението за инспекциски надзор на Општина Велес.

Поставување на садовите за отпад ќе го врши ЈКП "Дервен".

Член 7

На јавните површини и отворените простори на јавните површини е забрането:

-Фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут);

-Фрлање и оставање на хартија, отпушоци, гуми за џвакање, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци определени за таа намена;

-Фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата покрај контејнери и други садови за собирање на смет;

-Фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата во и покрај украсните корпи за отпадоци;

-оставање на стари предмети од домаќинства покрај садовите за собирање на смет;

-палење, закопување и уништување на смет;

-оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад;

-колење на кокошки, друга живина и животни;

-испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;

-истурање и испуштање на течности во садови за отпад, на улици, во канали, реки и езера;

-миење на возила, камп приколки и разни премети од домаќинства и од вршење на дејности;

-сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично;

-паркирање на возила на растојание од десет метри од контејнер и други садови за собирање на смет и оставање на товарни возила освен на места определени за таа намена;

-оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки;

-чување и напасување на крупен добиток и живина;

-продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи;

-превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, сено, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец;

-поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;

-оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп приколки;

-мешање на бетон, малтер и други градежни материјали, освен на оформена градежна парцела;

-растурање на сметот и претурање по сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање на смет;

-фрлање смет од било кој кат од стамбена зграда или куќа, во двор;

-поставување на контејнери и други видови садови за собирање на смет надвор од определените места за нивно поставување, согласно со нивната намена;

-истурање на пепел, жар, други лесно запалливи и корозивни материјали кои предизвикуваат палење и уништување на садовите за собирање смет;

-уништување на урбаната и друга опрема (клупи, фонтани, билборди, опрема на детски игралишта);

-плукање или секнење нос на јавни површини;

-лепење на плакати на било кое јавно место;

-вршење на физиолошки потреби.

Член 8

На отворените простори на јавните објекти се забранува:

-фрлање и оставање на предмети од домаќинства;

-фрлање и оставање на лисја, гранки, корења од растенија и друг растителен отпад;

-фрлање и оставање на песок, отпадоци од градежен материјал, разни видови на амбалажа и други отпадоци;

-оставање на смет од вршење на дејности на правни и физички лица покрај садовите за собирање на смет;

-палење, закопување и уништување на смет;

-оставање мртви животни, живина и птици;

-испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;

-миење на возила и камп приколки, предмети од домаќинства и предмети од правни лица;

-сечење, складирање на дрва, јаглен и слично;

-производство, печење на вар и дрвен јаглен, како и складирање и чување на градежен материјал без издадена дозвола од надлежен орган;

-паркирање на возила;

-поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;

-оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп приколки;

-оставање измет од домашни животни и миленичиња.

Член 9

Сопствениците на мртви домашни миленици, други мртви животни, живина и птици се должни да го известат ЈКП "Дервен кој ќе изврши транспорт и закопување на труповите од мртви животни, живина и птици во нивно име со соодветна надокнада.

Член 10

Општината со одлука ќе определи посебна локација и начин на оставање на стари предмети од домаќинства и друг габаритен отпад, локација за оставање на растителен отпад и локација за закопување на трупови и остатоци на мртви животни, живина и птици.

Член 11

Сопственикот, односно лицето кое управува со јавен објект е должен да ја одржува јавната чистота во јавниот објект и неговата дворна површина, при што треба да обезбеди:

- редовно чистење и одржување на просториите во објектот,
- садови за фрлање на отпадоци,
- инсталациите во санитарните јазли да бидат исправни и чисти и да обезбеди тоалетна хартија, машини за сушење на раце или хартија во секое време.

Член 12

Правните и физичките лица сопственици на објекти, односно сопственици и корисници на отворените простори на јавни објекти што се за редовна употреба на овие објекти се должни тие простори редовно да ги одржуваат на тој начин што нема да создаваат смет и други отпадоци, како и да го одржуваат зеленилото на тие простори.

Член 13

На јавни објекти забрането е испишување на графити, цртање и лепење на плакати.

Во внатершноста на јавните објекти забрането е фрлање на отпадоци, плукање, фрлање на отпушоци, гуми за џвакање и други предмети или внесување на домашни миленичиња, освен со одобрение на управителот на јавниот објект.

Член 14

Организаторите на јавни манифестации (културни, спортски и други), на митинзи, прослави и други собири се должни веднаш по завршувањето на манифестацијата, односно по собирот да го соберат сметот направен од учесниците на манифестацијата, односно собирот и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

Доколку организаторите од ставот 1 на овој член, не го исчистат сметот направен од учесниците на манифестацијата, ниту побараат услуга од ЈКП "Дервен", сметот ќе биде исчистен од страна на ЈКП "Дервен" на сметка на организаторот.

Член 15

При посета на излетничките места, посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го исчистат сметот што го создале и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

Член 16

Во зимски услови при снежни врнежи, ЈКП "Дервен" е должен рачно да го исчисти снегот и мразот на јавните површини, и отворените површини на јавните објекти од јавните површини, освен на локалните патишта и улици, најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и работата да ја извршува се додека наложуваат условите, со што ќе се обезбеди непречен пристап на јавните површини.

Во зимски услови при снежни врнежи, сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектитите.

III. НАДЗОР И МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

Член 17

Инспекциски надзор над примената на оваа Одлука врши општинскиот комунален инспектор согласно Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ" бр.111/08).

Контрола над одржувањето на јавната чистота согласно оваа Одлука вршат комунални редари.

IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби определени во Законот за јавна чистота.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Одредбите од оваа Одлука не се однесуваат на одржување на јавна чистота во вонредни околности и во услови на елеметарни непогоди

Член 20

Со влегувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за начинот и постапката за одржувањето на јавна чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 1/99), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за начинот и постапката за одржување на јавна чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 3/02).

Член 21

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5433/5
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

264.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање име на повеќенаменска сала во објект сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за давање име на повеќенаменска сала во објект сопственост на

Општина Велес,што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 04.11.2008 година.

Број 08-5510/6
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година , донесе

О Д Л У К А
за давање име на повеќенаменската сала во објект сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес дава име на повеќенаменската сала која се наоѓа во објект од КП 1999 во ИЛ 25440 за К.О. Велес во м.в. Алексо Демниев, сопственост на Општина Велес.

Член 2

Повеќенаменската сала се именува со името „Бели мугри“ и ќе се користи за одржување на културни манифестации – промоции, концерти, филмски проекции и сл.

Член 3

За условите и начинот на користење на повеќенаменската сала „Бели мугри“, Советот ќе донесе посебна одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-5433/6
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

265.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.11.2008 година.

Број 08-5510/7
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За донесување Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5433/7
05.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 46 од Законот просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр.51/05 и 137/07), а согласно Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Службен весник на РМ”бр.78/06) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2008 година

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2008 година (“Службен гласник на општина Велес” бр. 22/07) се врши дополнување:

Во глава II Планирање, точка 4.„Планирани за изработка се следните планови“ во табеларниот преглед после ставката „17.Урбанистчки план вон населено место КО Башино село 30 ha“, се додаваат две нови ставки 18 и 19 кои гласат:

„18.Урбанистчки план вон населено место КО Новачани 5 ha,

19.Урбанистчки план вон населено место КО Кумарино 5 ha“.

Ставката со реден број 18 станува број 20.

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-5433/7
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

266.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.11.2008 година.

Број 08-5510/8
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5433/8
05.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ”бр.53/01) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

1.Во Програмата за уредување на

градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 22/07, 4/08, 7/08 ,10/08 и 11/08) се врши измена:

1.2. во глава IV. - ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ :

После став 1-Трошоци за реализација, според намената и по поедини видови на елементи за уредувањето на општината се: во табелата Расходи,

позиција Ј6„ Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режимот на сообраќај" износот„ 2.900.000,оо ден." се брише и се заменува со „3.100.000,оо ден."

... точката „1. Зимско одржување на локални патишта и улици" износот „500.000,оо ден.се" брише и се заменува со износот „700.000,оо ден."

позиција ЈД1„ Изградба на улици" износот „7.090.000,оо" ден. се брише и се заменува со „7.690.000,оо ден."

.... точка 12 „Мирче Ацев "(во соработка со ЈКП Дервен) износот „100.000,оо" ден. се брише во целост.

.... после точка 17 се додава нова точка 18 „Асфалтирање на пристапна улица" до училиштето во Оризари со износ од „700 000,оо ден."

позиција ЈД „Изградба на комерцијални објекти (Разни зафати)" износот „2.430.000,оо ден." се брише и се заменува со „1.630.000,оо ден."

.... точка 1.„ Пешачки мост Железен мост /колски сообраќај/" износот 600.000,оо ден. се брише во целост.

... точка 2.„ Проширување на автобуска станица" на УЗ„ Шорка - две" износот „300.000,оо ден." се брише и се заменува со износот „250.000,оо ден."

... точка 3.„ Изведба на автобуска постројка – Речани" износот „150.000,оо ден." се брише во целост.

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5433/8
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

267.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

Се објавува Заклучокот за не донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.11.2008 година.

Број 08-5510/9
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

1. Советот на Општина Велес не ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5433/9
05.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,

.

268.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.11.2008 година.

Број 08-5510/10
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5433/10
05.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.22/07 и 2/08) во табеларниот дел „II ИНВЕСТИЦИИ“ се вршат следните измени и дополнувања:

II ИНВЕСТИЦИИ

- Во позицијата под ред. бр. 2 „Реконструкција на спортски објекти во ООУ“ се додава текстот „и партерно уредување на дворни места“ .

2.Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5433/10
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

269.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ 2009 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.11.2008 година.

Број 08-5510/11
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишна програма за работа на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ за 2009 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работа на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ за 2009 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5433/11
05.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

270.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес за 2008 година

Се објавува Решението за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.11.2007 година.

Број 08-5510/13
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06), а согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година („Сл.гласник на Општина Велес” бр.22/07 и 10/08)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.10.2008 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес за 2008 година

1.Со ова решение се врши распределба на средства од Буџетот на Општина Велес на спортски клубови и спортисти од општината согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година („Сл.галсник на Општина Велес“ бр. 22/07 и 10/08), глава II –Активности .

2. Распределбата на средствата е прикажана во следниот преглед:

Ред. број	Име на спортската организација	Доделено во 2008 година	дополнителни средства за 2008
1	Одбојкарски клуб „Борец“	70.000	35.000
2	Одбојкарски клуб „Борец“ -жени	90.000	45.000
3	Клуб за мал фудбал „Велес“	90.000	45.000
4	Ракометен клуб „Борец“	70.000	45.000
5	Ракометен клуб „Леов Бартек“	70.000	35.000
6	Кошаркарски клуб „Ангели“	40.000	/
7	Кајакарски клуб „Вила Зора“	25.000	12.500
8	Кајакарски клуб ,,Бабуна“	25.000	12.500
9	Кајакарски клуб „Вардар“	25.000	12.500
10	Млад. Велосипед. Клуб „Велес“	20.000	10.000
11	Клуб за гимнастички спортови „Партизан“	40.000	20.000
12	Здружение на спортски риболовци „Бабуна“	10.000	5.000
13	Стрелачки клуб „Велес“	10.000	5.000
14	Атлетски клуб „Изгрев“	12.000	6.000
15	Фудбалски клуб „Борец“	120.000	30.000
16	Фудбалски клуsб „Борец“ - жени	/	25.000
17	Фудбалски клуб „Превалец“	70.000	35.000
18	Фудбалски клуб „Бирлик“	25.000	12.500
19	Фудбалски клуб „ Интернационал“	20.000	10.000
20	Фудбалски клуб „Илинден“	20.000	35.000
21	Карате клуб „Гемиции“	8.000	4.000
22	Карате клуб „Бушидо“	8.000	4.000
23	Карате клуб „Велес“	8.000	4.000
24	Карате клуб „Шкорпион“	8.000	4.000
25	Карате клуб „Гладијатор“	8.000	4.000
26	Спорт. Риб. Друштво „Металург“	8.000	4.000
27	Јуниор куп „Снупи“	40.000	/
28	Кадети „Снупи“	40.000	/
29	Фуд. Клуб „Македонскосонце“	20.000	10.000
30	Фудбалски клуб „Младост“		10.000
31	Фудбалски клуб „Гемиции“		10.000
32.	Кошаркарски клуб „Унибаскет-жени“		10.000
	ВКУПНО:	1.000.000	500.000

3. Средствата ќе се исплаќаат до крајот на годината сразмерно со полнењето на Буџетот на Општината за 2008 година.

4. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5433/13
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

271.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
За објавување Заклучок за разгледување на Информација за проектот за изградба на населба Хабитат на Американската меѓународна организација во „Habitat for humanity international"

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информацијата за проектот за изградба на населба Хабитат на Американската меѓународна организација во „Habitat for humanity international", што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.11.2008 година.

Број 08-5510/12
07.11.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување Информација за проектот за изградба на населба Хабитат на Американската меѓународна организација во „Habitat for humanity international"

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за проектот за изградба на населба Хабитат на Американската меѓународна организација во „Habitat for humanity international".

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5433/12
05.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

259	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први,втори и трети квартал 2008 година**	**366**
	З А К Л У Ч О К за не усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2008 година	
260	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за доделување на 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2008 година**	**366**
	О Д Л У К А за доделување на 9-то ноемвриски признанија на Општина Велес за 2008 година	
261	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2008 година**	**367**
	О Д Л У К А за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2008 година	
262	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за доделување награда за најстудент „Проф.Д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2008 година**	**368**
	О Д Л У К А за доделување на награда за најстудент „ Проф.д-р Ѓорѓи Шоптрајанов “ за 2008 година	
263	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Одлука за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес**	**368**
	О Д Л У К А за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес	
264	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање име на повеќенаменска сала во објект сопственост на Општина Велес**	**371**
	О Д Л У К А за давање име на повеќенаменската сала во објект сопственост на Општина Велес	
265	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2008 година**	**372**
	З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2008 година	
	П Р О Г Р А М А за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2008 година	

Бр на акт **Страница**

266

З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година **373**

З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година

267

З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година **374**

З А К Л У Ч О К за не донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

268

З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година **375**

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година

269

З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ 2009 година **376**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работа на ОЈУ за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ за 2009 година

270

З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес за 2008 година **377**

РЕШЕНИЕ за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес за 2008 година

271

З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за проектот за изградба на населба Хабитат на Американската меѓународна организација во „Habitat for humanity international“

З А К Л У Ч О К за разгледување Информација за проектот за изградба на населба Хабитат на Американската меѓународна организација во „Habitat for humanity international“

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00